**Марија Кукубајска**

## ДЕНОТ КОГА ЗАВРШИ ИДНИНАТА НА ЕМИЛИЈА

Од каде да почне мама сега, кога сѐ се сврши со твојот живот на земјата... Одново да се учам да живеам, сега без тебе, кога дваесет и седум години ти си ми воздух во кој летам пресреќна што те имам, ти си ми океан кој учев да го пливам, од подводни волци да те спасувам, ти си ми земјата на која беше како на небо, ти си ми пламенот на силата духовна повеличествен од сите олимписки и нобелови славја.

Емилија Прекрасна, Емилија Штипјанка, поблагороден борец од Јованка Орлеанка, Еми одгледана во последните добри традиции на Америка, Еми родена во последните пријателски песоци на Африка, Еми родена за доба на Ангелски летови, а не на злокоба и црнила, страв и болка, мачнина и немоќ, но одново, секогаш со надеж за моќен спас баран по туѓина.

Еми, ти си ми жива, во срцето, во умот, во телото, во делото што го создавав и со Божја волја ќе го продолжам во име на Таткото на вселената, во име на нашите родители, во име на мојот живот кој се спои во Емилија Марија, кога Исус ми те испрати - Ѕвездо на мајка, Нова милениумска икона - нов светец, од нашата Кукубајска крв прочистен, до врв на деветте доблести.

Емилија срасната во овој, сега во солзи потопен, мајчински брод на душевна вселена, ти беше вдахновена, отелотворена само за пречисто дело низ рајски летови упатено кон совршеност, пред време

скратено. Преку наследства од твојот овоземски татко осудена во генетски гулази да робуваш со крила врзани, невини да ти ги вртат, свиваат на бубрежни машини, виења на срцето да броиш, додека над нездрави затвори ти патеки до Божјите висини кроиш.

Емилиа најмила, Црвенкапа со кошничка исплетена од света Љубов кон фамилијата наша, од Исус осветена со овошје на вистината за твојата медена добрина кон сите нас дома... Што се случи, чедо во твојата пресилна желба да ја нахраниш, напоиш, оздравиш баба Дунче? За неа додјдовме од центарот и врвот на светот, за неа, твојата преслатка бабичка, нашиот блажен чувар на замокот на твојот деде - Александар мудрецот. И покрај сите опасности од напади на скриен Лупус Волк, за неа ти сепак се престраши, и со плач, како пред раѓање, со солзи и на поаѓање и на пристигање, ти знаеше дека сакаш баба да ја видиш, негуваш, заедно да закрепнувате, од срце да се чувате.

Чедо мое чедно, за здрава иднина жедно, за заносна, сјајна иднина вредно, како можевме да знаеме, единице моја најскапоцена, како можевме да согледаме дека твоето срце ќе биде тоа јагне-жртва на љубовта за најблиските, за мајката на твојата мајка, за твоето мелем-бабиче, бајче Дунче. Со мама ти ги минуваше сите мачни, мрачни, смртоносни шуми на Лупусот Волк, и секогаш победуваше над неговите скриени напади. Одлуката падна во годината кога баба Дунче твоја, стана крајно страдна, за здравје и гладна за нашата понада завиена во топла, утешна прегратка, лично да ѝ ја донесеме од преку океани.

Доаѓањето на Балканскиот Полуостров не ќе беше доаѓање за твоето, нашето болно бајче, ако не беше за живеење со неа, за неа - во нашето штипско крајче, во нашата куќа со милини огреана, со преубави сеќавања посеана...

Од Вашингтон, Арлингтон, дојдовме во Скопје, во Штип, од почит и љубов кон нашата неуморна кралица на домот, нашиот верен заштитник на наследеното добро од Александар Македонецот, таткото на твоја мама Марија, деде твој сакан, со срце големо како вселената, јунакот на Божјата величествена скромност, нашиот предобар тато Кукубајски.

Дојдовме - трите генерации женски род во нашиот храм на домашна среќа, да делиме што Бог ни доделил, и во арно и во лошо - да се тешиме, ако не можеме да ја решиме болеста на храбрата наша баба, барем со возљубена грижа да си го олеснуваме телото со делото на дух несебичен до бескрај.

Дојдовме верувајќи дека доброто добро носи, дека и твоето здравје, душичке на мама, нема веќе да проси за неумолива милост на листите на чекање за пресадување на бубрег. Дојдовме одново на стариот брег на Брегалница, во бујната бабина бавча да се одмараме и рамнотежа на имуниот систем да создаваме - сам по себе кругот на раните да си зараснува, дупките во болните води да се затвораат со нов лек од новиот тек на волјата за живот на својот роден, плоден, имот на твојата преумна глава и неуморна рака што чекаше.

Преку Виенските шуми во Вирџинија и Виенските шуми во Австрија, верувавме - зад нас ги оставаме и шумите на Лупусот Волк, а пред нас се надевавме да се сладиме на нашата последна жива душа од родителската генерација - на мама и баба наша. За мама и баба наша совеста ни се откажа и од скапоцената палатата во Америка, бремена од музејски вредности, но стерилна без срце, зашто си имавме наши македонски домови, за нас тие се палати стекнати само со чесни плати на деде, со скромни, но промислени, трпеливи и доследни доблести кои нè восхитуваа, кои нè повикуваа да ги продолжуваме на сопствено тло,

после сите западни запаѓања во сè посериозни напади од волчјите јами - а ние останувавме и понатаму сами.

Дојдовме во нашите, од пред четири години напуштени, со културни и материјални скапоцености полни - домови во Штип и Скопје, за во нив да се молиме, да си го чуваме долго, долго, што подолго прекрасното духовно богатство во расното тело на баба-мама, нашата осамена, стара, болна баба-мама, нашиот примерен борец против ракот во стомакот, за кој не знаевме дека пораснал до смртни широчини.

Дојдовме бабичка твоја, дете наше прекрасно, бабичка слатка наша да си ја заштитиме, да ѝ одложиме заминување од овој свет, а не знаевме дека доаѓањето барало... ох, Господи, доаѓањето чекало заминување од овој свет, доаѓањето нè намамило да ја положиме иднината на единствениот наследник - иднината на најмилата, Емилија, да прејде од невиделина на земјата во вечност по виделината на земјата.

Што ѝ да гледам сега, душичке, ништо нема убавина без тебе. Што ѝ да слушам - ништо нема мудро значење без тебе. За што да живеам, ако не и понатаму за тебе само. Боже дај ми време и снага да се погрижам за сè Еми што остави.

## ФОТОНИ ВО МИСЛАТА И ФОТОГРАФИИ КАЈ ТРАЈЧЕ

Мирот мој е закопан во мој личен, приватен, фамилијарен земјотрес.

Немам спокој, кога најсаканото ми е во вечен покој. Но... седам, и - изгледам смирена, чекајки слики од животот фотографирани, да ми бидат копирани од дигитални во хартиени, непостојани но лесно споделувани со други луѓе.

Сите што те сакаат и на фотографија бараат да ми те имаат, слико моја помила од најслатки божиќни честитки на кои ти им се радуваше како мало дете, ти - потопла од најдрагите пејсажи со црквички и куќички во уметноста на Томас Кинкејд, ти - Еми моја раскошна, повеличествено распеана од секоја наградувана естрадна пеачка со волшебен глас, и посовршено убава од секоја светска кралица на убавината.

Сите овие слики мене ми се потребни како огледало во минатото и огледало во иднината. За тебе веќе ниедна слика не е важна, оти секоја глетка е неважна, смешна, тажна, споредена со грандиозната, незамислива величественост на Рајот. Сега за тебе ни сликите немаат значење, како и сè друго оставено, сè уште целосно непренесено во една наша куќа од нашите домови во Македонија и во Америка. А одвај ги спакувавме тие четири куфери, две патни торби и две женски чанти, одвај одбравме, премеривме што ни е најосновно важно и - побргу да пристигнеме, бабичка од постела и од тешки мисли на нога и во прегратки да ја подигнеме. Ги чекам сликите од "Фото Трајче", а слики ми се вртат во замелушен калеидоскоп на времето во кое сега за тебе нема сегашност и иднина, само минато и вечност.

Гледам: два дена пред да полетаме од Вашингтон, прво одлетавме на еден ден до Харвард, тој исти 10 август кога 10 авиона требало да се урнат во Атлантикот. Бевме сè уште недопакувани, и со слики сè уште нескенирани во САД, но поитавме да одговориме на поканата за лек кој беше на пат да биде откриен од д-р Фаустман, понуден на тебе првата излекувана од Лупус, првата одбрана да биде дете од постерите во рекламата за светскиот успех. Се сликавме и со неа и со тетка Лиле Стевчева, докторката научник со која работев во Стејт Департментот, додека ти работеше на твоите слики на пациенти и болести, кои самата ги проучуваше за своите студии по исхрана и диететика. Слики, слики,

само сликите ли ќе ми останат сега? Слики ми надоаѓаат - се пакувавме, донесувавме за тебе од сè по малку што одбравме, најомилени книги со духовни мотиви, најважни музички креации од сите векови до денес, најреално што можевме да си дозволиме - подароци за нашата сакана фамилија... А сега, сè е веќе премногу што имам, ми тежи што така лежи сè оставено од мама, тато, од тебе и од мене, ми тежи трагедијата што одеднаш полните срца престанаа, полниот дом се испразни, и сè стана премногу - премногу да се гледа, да потсеќава на нашата прекината иднина, премногу - за да се остави заклучено, никој да не му се радува што Господ го овозможил, претешко да се помисли да се отуѓи, претешко да се гледа сликата на сè што беше твое, во сè каде беше ти... печатот на твојата душа сè гледа и слуша и во темнината и во тишината, и во сјајот на твојот живот и во крајот на телесното положување во гробот. А каде е веќе онаа жива слика на твоето топло, разиграно, разнежнето, стуткување во твојот розов кревет деде Ацко што ми ти го порача во стилот на Касандра? Мама и него ќе го чува како споменик каде лежеше телото твое. Мама и секој чеиз и накит ќе ги чува, зашто не ги стававме во пирамида како Клеопатра... А истовремено ќе гледам слики во веќе несигурната иднина - премалку денови остануваат ми се чини, премалку денови можеби ќе имам за сè да пренесам, пресликам во збор, објавам од сè она што ти го пишуваше и со душа очекуваше еден ден, еден здрав, светол ден за инспирирање на светот, да го отсликаме од твојот брилијантен ум на книжевниот друм на Македонија и Америка, каде Бог би помогнал да отвори врати.

Откако ти одлета на небото, чедо мое најсакано на оваа земја, откако ти одлета душата на другиот свет, тука гледам слики на очи ненаситни, на грабливци неблагодарни, а јас сум сама, невработена по враќањето од другата во нашата прататковина... јас сум сама во празнини кои не можам да ги согледам до кога во нив ќе се губам, и каде ќе

се најдам, а ти, синче мое, ќерче мое, ти си на небеса непрегледни. Гледаш ли дека сум за никаде, и за ништо без тебе. А никогаш не бев ваква. Секогаш, секој, и посебно ти - знаеше дека однапред имав слика за она што сакам да го правам. Но сега, каде да се сврти мама, која слика на светот ќе ме утеши, освен сликите од тебе, со тебе, во моите мозочни ќелии врежани, во реката моја крв отсликани.

Ги чекам сега сликите на овие апарати сега одбележани - и од нив чекам да те видам...

Надвор погледнав, на малото пазарче преку главната улица, онаму каде само пред неколку дена ти трчкаше и се радуваше да најдеш овошје поубаво, посвежо од Калифорнија, каде зеленчук одбираше и се чудеше колку пати изгледа поздрав, и поевтин од Америка... И друга слика ми ја сменува реалноста: слика во која веќе никогаш нема под рака заедно да бликаме од среќа што излеговме на чист воздух во Штип, со пречиста љубов да шетаме по улиците по кои деде и баба секогаш искрено среќни и насмеани, му се радуваа на животот во тој мал, а голем по култура и историја, град под Исарот.

Чекам слики, надвор гледам живи луѓе за кои ти беше жива слика за восхит само пред помалку од 100 часа, ох, најболна загубо, моја, наша. Луѓе гледам убави и среќни, а ти не стигна ни еден ден во првите, и последни единаесет дена во Штип- да ги сретнеш. Штом бабичка ја виде претсмртно болна, ни еден ден од тие единаесет не поживеа без страв за неа. Секоја твоја слика за среќен домашен свет со баба, во куќата на деде, беше згужвана во грч, во ужасна помисла да не ја изгубиш баба, да ѝ олесниме кога вриска од болки и од страв дека ќе нè изгуби со своето одење од овој свет, страв од губење на сè што имала. А ти, а ние - снимавме, снимавме сè во душите, голтавме во стегнатите гради, се молевме Бог да ѝ прости за офкањата. Слики на бабините офкања ми идат како грозни експлозии врз твоите кревки

срцеви ќелии. Камо да можев да те испратам далеку да отпатуваш, во други куќи на сакани роднини да се склониш, далеку од сликите на бабината претсмртна агонија. А каде јас сега да патувам, кога твојата земна дестинација се укина?!

(Извадоци од необјавениот ракопис под работен наслов "Писма за Еми")

# 54-55

ГОДИНА XII 2007

СОДРЖИНА:




**Рајнер Вернер Фасбиндер**
*Страна 5 - 53*

**Љубомир Донски**
Раскази
*Страна 93 – 101*

**Кирил Панајотов**
Поезија
*Страна 133 – 137*

**Марија Кукубајска**
Раскази
*Страна 171 - 177*



**Михаил Ренџов**
50 години творештво
*Страна 55 - 80*



**Трајче Кацаров**
Раскази
*Страна 101 – 119*

**Војо Маневски**
Есеј
*Страна 139 – 156*



**Благој Самоников**
10 Песни
*Страна 81 - 91*

**Александар Донски**
Тајната на бакарната книга (извадок)
*Страна 121 - 131*

**Елизабета Георгиев**
Поезија и проза
*Страна 157 - 170*